Врз основа на член 56 став 5 од Законот за заштита на растенијата („Сл. весник на РМ" бр. 25/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

# **ПРАВИЛНИК** ЗА УНИФОРМАТА И ЗНАКОТ ШТО ГО НОСАТ ИНСПЕКТОРИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видот, составот, бојата и кројот на униформата и знакот што го носат инспекторите за заштита на растенијата на граничен премин.

## Член 2

Инспекторите за заштита на растенијата на граничниот премин имаат зимска и летна униформа.

## Член 3

Зимската униформа на инспекторите за заштита на растенијата на граничниот премин се состои од: сако (1 број), панталони (1 број), зимска баретка (1 број), кошула со долги ракави (2 броја), вратоврска (2 броја), џемпер (1 број), шал (1 број), ветровка со влошка (1 број), кожни ракавици (1 број), чевли (1 број), зимски чорапи (2 броја).

## Член 4

Делови на зимската униформа на инспекторите за заштита на растенијата на граничниот премин го имаат следниот крој и боја:

1. Сакото е од камгарн (85% волна и 15% синтетика), со отворени ревери, благо изразен струк и доволно комотно.

Сакото е поставено и има по еден џеб од двете внатрешни страни.

Ракавите на сакото се долги до половина на дланката на природно опуштена рака. Сакото напред се закопчува со две обични копчиња со пречник од 22 мм. Копчињата се сошиени на десната страна на сакото на подеднакво меѓусебно растојание.

На сакото од надворешна лева страна на градите има еден џеб и на долниот дел на двете страни по еден џеб. Широчината на горниот џеб е од 12 до 16 см, а должината на долните џебови е од 18 до 23 см. Сакото одзади има прорез, кој започнува на 6 до 8 см од половината.

Сакото е петролеј боја, а се заменува на 2 години.

На горниот раб од десниот ракав од сакото на растојание од 8 см, е вшиен амблем во облик на штит, опшиен со жолта боја, изработен од чоја со темноцрвена боја, во кој на горниот дел со жолти букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под тоа со жолти букви е извезено „ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО". Под него во права линија е извезено „ИНСПЕКТОР", а под инспектор е извезено „ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН".

Од средината на штитот на долниот дел е извезен знак во форма на петоаголник. На долниот дел од штитот е извезено знамето на Република Македонија, а над него во средината на штитот на бела основа е извезен жолт клас со црна змија, лево и десно од белата основа има два четириаголника со светлосина боја. Границите на петоаголникот и четириаголниците се опшиени со златна боја (Прилог бр. 1).

2. Панталоните се од камгарн, со вообичаен крој. Панталоните од двете страни и назад на десната страна, имаат џеб и потребен број гајки за ремен.

Панталоните се петролеј боја, а се заменуваат на 2 години.

3. Зимската баретка е изработена од чоја, петролеј боја, а се заменува на 2 години.

4. Кошулата е со долги ракави, изработена од пуплин или друга слична ткаенина (60% памук и 33% синтетика), со вообичаен крој. Крагната на кошулата има копчиња за прицврстување на вратоврската. Ракавите се долги, со две копчиња на манжетните и едно копче за затворање на отворот на манжетната.

Кошулата е грао боја, а се заменува на 1 година.

5. Вратоврската е светлограо боја, со вообичаен крој и должина, а се заменува на 2 години.

6. Џемперот е со долги ракави, изработен од волнено предиво (60% волна и 40% синтетика), со вообичаен крој и со V (ве) изрез.

Џемперот е грао боја, а се заменува на 2 години.

7. Шалот е изработен од волнено предиво (60% волна и 40% синтетика), со вообичаена должина и широчина, грао боја и се заменува на 2 години.

8. Ветровката со влошка е од мешавина на памучно-синтетичка ткаенина (50% памук и 50% синтетика) и поставена е со постава од соодветна боја. Од рамената до висината на градите и преку грбот е зајакната и има влошка која допира до ракавите што може да се вади. Ветровката има појас и ќулавка, кои се од иста ткаенина како и ветровката. Ќулавката е изработена, така да ја покрива капата со заштитникот и поставена е со постава со соодветна боја. Должината на ветровката изнесува до 25 см над колениците. Ветровката има четири обични копчиња во еден ред, кои се со иста боја како и ткаенината. На левата и десната страна на градите се врежани вертикално поставени џебови со нормална големина, кои се затвораат со патент-затворач. На долниот дел од двете страни ветровката има по еден длабок џеб со преклоп. Горните вертикални џебови се широки од 18 до 22 см, а долните од 24 до 28 см. Под нив од страна се наоѓа уште по еден џеб, со иста големина. На ракавот на ветровката е вшиен истоветен амблем, како и на сакото.

Ветровката е петролеј боја, а се заменува на 5 години.

9. Кожните ракавици се со вообичаен крој, со раздвоени прсти, а од внатрешната страна се поставени со крзно.

Бојата на ракавиците е црна, а се заменуваат на 5 години.

10. Чевлите се од мрсен спорт-бокс, со кожен меѓуѓон и надворешен ѓон од гума. Чевлите се со црна боја, а се заменуваат на 2 години.

11. Зимските чорапи се изработуваат од памучно предиво (70% памук и 30% синтетика) со вообичаен крој и имаат грао боја, а се заменуваат на 1 година.

Член 5

Летната униформа на инспекторите за заштита на растенијата на граничниот премин се состои од: кратка виндјакна (1 број), панталони (1 број), кошула со кратки ракави (2 броја), плитки чевли (1 број) и чорапи (2 броја).

Член 6

Деловите на летната униформа на инспекторите за заштита на растенијата на граничниот премин го имаат следниот крој и боја:

1. Кратката виндјакна е од платно (50% памук и 50% синтетика), од внатре е поставена. Виндјакната се закопчува со патент. На виндјакната однапред на надворешната страна се нашиени два џеба. На ракавот на виндјакната е вшиен истоветен амблем како и на сакото од зимската униформа.
Кратката виндјакна е петролеј боја, а се заменува на 5 години.
2. Панталоните се од тергал (60% волна и 35% синтетика) и се со ист крој како и панталоните од зимската униформа.
Панталоните се петролеј боја, а се заменуваат на 2 години.
3. Кошулата со кратки ракави е изработена од платно (60% памук и 30% синтетика). Кошулата со кратки ракави од напред е порабена, и се закопчува со копчиња со пречник од 10 мм. Кошулата во горниот дел е отворена. На кошулата од напред на градите има два џеба со преклоп, погоден за закопчување. Широчината на џебовите е од 12 до 14 см, а должината од 14 до 16 см. На кошулата на десниот ракав е вшиен истоветен амблем како и на виндјакната.
Кошулата е грао боја, а се заменува на 1 година.
4. Плитките чевли се со вообичаен крој со кожен или гумен ѓон. Чевлите се црна боја, а се заменуваат на 2 години.
5. Чорапите се грао боја (70% памук и 30% синтетика) со вообичаена форма и длабочина, а се заменуваат на 1 година.

Член 7

Инспекторките за заштита на растенијата на граничниот премин имаат зимска и летна униформа.

Член 8

Зимската униформа на инспекторките за заштита на растенијата на граничните премини се состои од: сако (1 број), панталони (1 број), здолниште (1 број), зимска баретка (1 број), кошула со долги ракави (2 броја), вратоврска (2 броја), џемпер (1 број), шал (1 број), ветровка со влошка (1 број), кожни ракавици (1 број) и зимски хулахоп чорапи (2 броја).

Член 9

Сакото, панталоните, зимската баретка, кошулата со долги ракави, вратоврската, џемперот, шалот, ветровката со влошка, кожните нараквици и чевлите од зимската униформа на инспекторките, се изработени од ист материјал, со иста боја и изглед како и соодветните

делови од зимската униформа на инспекторите за заштита на растенијата на граничен премин, со тоа што нивниот крој е прилагоден на анатомската конструкција на жената.
Останатите делови од зимската униформа на инспекторките, го имаат следниот крој и боја:

1. Здолништето е од камгарн, со петролеј боја, со вообичаен крој, одзади со шлиц (20 см.) и со патент-затворач. Од внатре е поставено со постава со соодветна боја.
На појасот има потребен број на гајки за ремен и едно копче.
2. Зимските хулахоп чорапи се со грао боја со вообичаен крој, зајакнати на прстите и петиците.

Замената на зимската униформа се врши како и кај инспекторите за заштита на растенијата на граничен премин.

Член 10

Летната униформа на инспекторките се состои од: кратка виндјакна (1 број), здолниште (1 број), панталони (1 број), кошула со кратки ракави (2 броја), плитки чевли (1 број) и хулахоп чорапи (2 броја).

Член 11

Кратката виндјакна, панталоните, кошулата со кратки ракави, плитките чевли се изработени од ист материјал со иста боја и изглед како соодветните делови од летната униформа на инспекторите, со тоа што нивниот крој е прилагоден на анатомската конструкција на жената.
Останатите делови од женската униформа на инспекторките за заштита на растенијата на граничен премин го имаат следниот крој и боја:

1. Здолништето е од тергал, со крој, боја и изглед како и зимското.

2. Хулахоп чорапите се со вообичаен крој и со темноплава боја.

Замената на летната униформа се врши како и кај инспекторите за заштита на растенијата на граничниот премин.

Член 12

Зимската униформа по правило се носи од 15 октомври до 01 мај, а летната униформа се носи од 01 мај до 15 октомври.

Член13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-680/3
05 февруари 1999 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
Владимир Џабирски, с.р.




прилог бр. 1